РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2681/2 (2021)
09-08-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 90-тата седница одржана на 04.08.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2681/1 од 09.08.2021 година, со наводи за неправилности во постапки за утврдување на финансиски права на лица упатени на мировна мисија, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2681/1 од 09.08.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 09.08.2021 година поднесена е пријава со наводи за неправилности во постапки за утврдување на финансиски права на лица упатени на мировна мисија и оформен е предмет број 12-2681/1 од 09.08.2021 година.

Во пријавата подносителот, кој во Армијата на Република Северна Македонија има чин ///, наведува дека откако во 2017 година бил упатен на мировна операција во ///, му било издадено Решение за надоместок на платата кое не му било доставено и во кое било наведено дека му се укинува правото на плата за времетраењето на мисијата. Незадоволен од Решението и сметајќи дека укинувањето на правото на плата е неосновано, а во отсуство на волја за решавање на ова прашање по враќањето од мисијата, во 2020 година подносителот против Министерството за одбрана поднел тужба.

Кон пријавата подносителот приложил копии од документација која е дел од постапки пред правосудните органи што се однесуваат на предметниот случај, и тоа: копија од Пресуда на /// суд /// (/// од ///2021 година) и копија од Одговор на тужбата доставен до /// суд /// заедно со копија од дополнително доставен поднесок во кој е содржана информација за донесен заклучок на работна средба на четирите апелациони судови и Врховниот суд.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот пријавените наводи не се корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно, во случајот станува збор за наводи по кои веќе постапил правосуден орган – /// суд /// од кого е донесена и објавена

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Пресудата со број /// од ///2021 година, по што оцени нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**